# Винарска Визба Тиквеш

*Врвно од Македонија*

TIKVEŠ
SINCE 1885

Винарската визба Тиквеш е предводник на винската индустрија во регионот и е препознатлив бренд во светот, бренд со кој се гордееме сите. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, развој и унапредување на човечките ресурси. Како дел од нашиот внимателно дефиниран план за раст и развој на организацијата, во потрага сме по успешни, енергични и посветени кандидати кои би ни се придружиле.

ДОКОЛКУ СТЕ ИНСПИРИРАНИ ОД ПРИКАЗНАТА ЗА ВИНО, СТЕ СИГУРНИ ДЕКА ЈА ПОСЕДУВАТЕ ПОТРЕБНАТА АМБИЦИЈА, ЖЕЛБА ЗА УСПЕХ И СТРАСТ ДА СЕ ПРИКЛУЧИТЕ КОН НАШИОТ ПОБЕДНИЧКИ ТИМ И СТЕ СПРЕМНИ ДА ГИ ИСКОРИСТИТЕ ИЗВОНРЕДНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ КОИ НИЕ ГИ НУДИМЕ, ВЕ МОЛИМЕ АПЛИЦИРАЈТЕ ЗА РАБОТНОТО МЕСТО:

## МЕНАЏЕР ЗА ПРОДАЖБА

## ЗА МАКЕДОНИЈА И БУГАРИЈА

**Профил на кандидатот:**

- Образование – ВСС
- Претходно работно искуство во областа – 5 години
- Напредно познавање на Microsoft Office
- Напредно познавање на англиски јазик
- Возачка дозвола Б категорија
- Одлични комуникациски и организациски вештини
- Прецизност, аналитичност и ориентираност кон резултати
- Висок личен интегритет и деловна култура

**Клучни одговорности:**

- Развој и подобрување на продажната стратегија на пазарите
- Обезбедување ефикасно користење на сите ресурси со кој располага продажниот тим
- Развивање на планови за продажба и други продажни активности на годишно ниво
- Следење на остварувањето на претходно зададените индивидуални и нумерички цели за продажба на сите членови на продажниот тим
- Координирање на сите продажни активности на вработените во продажниот сектор и давање соодветна поддршка и тренинг во насока на нивно остварување
- Соработка со дистрибутивните центри, во насока на следење, анализирање и контролирање на нивното работење и давање насоки за подобрување на реализацијата на плановите за продажба
- Следење, контролирање и одговарност за распределбата и искористување на месечните и годишните буџети на пазарите

**Винарска визба Тиквеш нуди одлични услови за работа, можности за обуки и кариерен развој. Изборот на кандидатите ќе се направи со јасни критериуми по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.**

**Ако сте заинтересирани и ги исполнувате горенаведените услови, Ве молиме испратете го вашето резиме (CV) на следната е-маил адреса: kariera@tikves.com.mk најдоцна до 01.02.22 година.**

